# СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци

## Факти за коронавирусот, COVID-19



**Март, 2021 година**

# Што е коронавирус?

Тоа е големо семејство на вируси кои предизвикуваат болести кои можат да се манифестираат како обична настинка, па сè до потешки заболувања.

Името „коронавирус“ доаѓа од латинскиот збор *corona*, што значи „круна“, и што се однесува на карактеристичниот изглед на честичките на вирусот.



# Кои се симптомите на COVID-19?

Најчести симптоми кои се пријавени кај заболените лица се: покачена температура, малаксаност, кашлица, ослабен осет за мирис и/или вкус, главоболка, мускулна болка, болка во грло, треска и отежнато дишење.

Други придружни симптоми кои можат да се јават се: болки во телото, назална конгестија, течење на носот, главоболка, ментална конфузија, дијареа, гадење, повраќање, губење на апетит, отечени очи, згрутчување на крвта, напади на грчење и тресење, оштетување на црниот дроб, оштетување на бубрезите, осип.

## За колку време од контакт со лице болно од вирусот ќе се појават првите симптоми?

Првите симптоми ќе се појават од 2 до 14 дена.

## Дали може човек да е заразен и да ја шири инфекцијата, а да нема никакви симптоми?

Можно е луѓето да бидат заразни неколку дена пред да се појават првите симптоми.

# Како се шири коронавирусот?

Коронавирусот се шири главно од лице на лице по капков пат. Капките што се создаваат кога заразеното лице кашла или кива може да слетаат во устата или носот на луѓето што се во непосредна близина, или може да се вдишат во белите дробови.

Може да се шири и од контакт со заразени површини или предмети. На пример, едно лице може да добие COVID-19 со допирање на површина или предмет на кој го има вирусот и потоа со допирање на сопствената уста, нос или евентуално контакт со очите.

# Дали луѓето можат да бидат заразени од животински извор?

Коронавирусите се големо семејство на вируси кои се чести кај животните. Можни извори на COVID-19 кај животни сè уште не се потврдени.

За да се заштитите, избегнувајте директен контакт со животни и површини кои имаат контакт со животни. Обезбедете добри практики за безбедност на храната во секое време.
Ракувајте со сирово месо, млеко или животински органи со грижа за да избегнете загадување од неприготвена храна и да избегнете конзумирање на сирови и неприготвени животински производи.

# Кој е со најголем ризик да се разболи од COVID-19?

Постарите луѓе и оние со основни медицински проблеми како хроничен бронхитис, емфизем, срцева слабост или дијабетес, имаат поголема веројатност да развијат сериозни заболувања.

# Дали топлото време ќе ја спречи појавата на COVID-19?

Некои вируси, како обичната настинка и грипот, се шират повеќе кога времето е постудено. Но, сè уште е можно да се разболите од овие вируси и во текот на потоплите месеци. Моментално, не се знае дали ширењето на COVID-19 ќе се намали кога времето ќе се затопли.

# Дали може да се заболи од коронавирус преку јадење храна ракувана или подготвена од други?

Сѐ уште не е познато дали може да се шири од заразено лице преку храна што ја ракувале или подготвиле.

Во моментов не можеме да ја исклучиме можноста инфекцијата да се пренесе преку храна од заразено лице кое темелно не ги измило рацете.

Во случај на топла храна, вирусот најверојатно ќе биде убиен со готвење. Ова не може да биде случај со несолена храна како салати или сендвичи.

# Што можеме да направиме за да се заштитиме себеси и другите од COVID-19?

- Избегнувајте близок контакт со луѓе кои се болни или имаат некакви симптоми.
- Задолжително носење на заштитна маска/ракавица.
- Останете дома (доколку почувствувате некои симптоми).
- Избегнувајте допирање на очите, носот и устата.
- Останете дома во изолација кога сте болни и почитувајте ги мерките.
- При кашлање и/или кивање, покријте ја устата со марамче, а потоа фрлете го во ѓубре.
- Исчистете и дезинфицирајте ги честопати допрените предмети и површини со употреба на дезинфекционо средство.
- Мијте ги рацете често со сапун и вода, иако истите се видливо чисти.
- Користете средства за дезинфекција на раце.
- Вакцинирајте се! (доколку има вакцина за тој тип вирус)

# Колку долго може да преживее коронавирусот на површини?

Сѐ уште не се знае точно колку долго коронавирусот може да преживее на површини, како што се: пластика, порцелан, гранит, челик или бакар.

Во меѓувреме, експретите препорачуваат секојдневно чистење на често допрените површини и предмети со дезинфекциони средства.

# Ви благодарам на вниманието!

Презентацијата ја подготви:

- Вероника Вилану II-3

Ментор:

- Јасминка Ризова – училиштен педагог